


# Извештај за работа
# на
# Основен Суд Виница
# за
# 2010 година

# Содржина


1. ВОВЕД ... 4
2. ОБЕМ НА РАБОТА ... 4
   2.1. Кривичен оддел ... 7
   2.2. Граѓански оддел ... 8
   2.3. Времетраењето на постапката ... 11
3. КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ ... 11
4. ОСТВАРУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА СУДОТ ... 12
   4.1. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ ... 12
      4.1.1. Истраги и истражни дејствија ... 12
      4.1.2. Кривични предмети ... 13
      4.1.3. Прекршочни предмети ... 13
      4.1.4. Извршување на санкциите ... 14
      4.1.5. Замолници по кривични предмети ... 14
      4.1.6. Кривичен совет. ... 14
      4.1.7. Вoредни правни лекови ... 14
   4.2. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ ... 15
      4.2.1. Процесни предмети - спорни ... 15
      4.2.2. Платни налози ... 15
      4.2.3. Приговири против платни налози ... 16
      4.2.4. Разни граѓански предмети ... 16
      4.2.5. Вонпроцесни предмети ... 16
      4.2.6. Извршни предмети ... 17
      4.2.7. Приговори против неправилности во извршувањето на извршителот ... 17
   4.3. ЗАВЕРКИ ... 17
   4.4. АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА НА СУДОТ ... 17
5. КАДРОВСКА СОСТОЈБА НА СУДОТ ... 17
   5.1. Структура на вработените ... 18
      5.1.1. Полова структура ... 18
      5.1.2. Образовна структура ... 19
      5.1.3. Структура на вработените според националниот состав ... 19
      5.1.4. Старосна структура ... 19
6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ НА СУДОТ И ОПРЕМЕНОСТ ... 20

6.1. Опременост на судот ..... 20
6.2. Судски оддели ..... 21
6.3. Потребите за ефикасен суд, ангажирање на судската управа ..... 21
7. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА ..... 22

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ВИНИЦА ЗА 2010 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Основниот суд Виница во рамките на единствениот судски систем во Република Македонија судската власт ја врши како суд со основна надлежност предвидено согласно чл.30 од Законот за судовите ( Сл.весник на РМ бр.58/2006).

Надлежноста на Основниот суд Виница се протега на територијата на Општина Виница. Судот ги штити слободите и правата на човекот и граѓаните како и правата на другите правни субјекти во постапка пропишана со закон.

Во 2010 година се работеше на подобрување на ефикасноста и ажурноста во работењето на судот, на намалувањето на заостатокот на предмети од претходната година и совладување на тековниот прилив, како и на реализирање на обврската за обука на судиите преку Академијара за обука на судии и јавни обвинители и нивно постојано стручно усовршување. Притоа, особено се посвети внимание на подобрување на квалитетот на работа на секој судија посебни и на судот како целина.

Посебно се правеа напори за совладување на програмата АКМИС од страна на судиите и сите вработени судски службеници и се постигнаа добри резултати што претставува солидна основа за целосна примена на таа програма во иднина.

Се внимаваше и на транспарентноста во работењето и отвореноста на судот спрема граѓаните и средствата за јавно информирање со цел приближување на судот до граѓаните. Голема улога во тоа одигра Веб страната на судот која редовно се ажурира, а преку која се објавуваат донесените пресуди од страна на судиите, извештаите за работа и сите други информации кои се достапни до јавноста, а се однесуват на работата на судот.
.

## 2. ОБЕМ НА РАБОТА

Основниот суд Виница како суд од основна надлежност во текот на 2010 година постапуваше по разновидни предмети во рамките на својата со Закон пропишана надлежност.

Сумарниот преглед на предмети во работа и решавањето на истите во Основниот суд Виница во 2010 година е прикажан на табелата што следи:

| ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА | | | | Нерешени предмети на 01.01.2010 | Нерешени укинати на 01.01.2010 | Новопримени во 2010 | Примени укинати во 2010 | Вкупно во работа во 2010г. | Решени новопримени | Решени укинати | Нерешени педмети на 31.12..2010 | Нерешени укинати на 31.12.2010 | Соодност 2009/2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Истраги-основна надлежност | | | 1 | - | 13 | - | 14 | 7 | - | 7 | - | 6 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Истражни дејствија-О.И.Д. | | | - | - | 66 | - | 66 | 61 | - | 5 | - | 5 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Основна надлежност | | 14 | 9 | 76 | 14 | 113 | 74 | 22 | 16 | 1 | 2 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Разни кр дејствиј | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Замолници | 1 | - | 5 | - | 6 | 5 | - | 1 | - | - |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Кривичен | - | - | 28 | - | 28 | 28 | - | - | - | - |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | ***Вкупно*** | | | **16** | **9** | **188** | **14** | **227** | **175** | **22** | **29** | **1** | **13** |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Прекршочни предмети | | | 132 | 27 | 804 | 25 | 988 | 793 | 48 | 143 | 4 | 11 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | Извршни кривични | | 18 | - | 53 | - | 71 | 43 | - | 28 | - | 10 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | Извршни прекршочни | | 163 | - | 455 | - | 618 | 586 | - | 32 | - | -131 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | К.У.И.К.П Затворски-пр | | 13 | - | 27 | - | 40 | 19 | - | 21 | - | 8 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | Мерки на безбедност | | 157 | - | 135 | - | 292 | 292 | - | - | - | -157 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | ***Вкупно извршни предмети*** | | | **351** | **-** | **670** | **-** | **1021** | **940** | **-** | **81** | **-** | **-270** |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | **499** | **36** | **1662** | **39** | **2236** | **1908** | **70** | **253** | **5** | **-257** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Спорови од мала вредност | | | 4 | - | 99 | 2 | 105 | 93 | 2 | 10 | - | 6 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Имотни сп.–осн. надлежност | | | 16 | 3 | 56 | 8 | 83 | 56 | 11 | 16 | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Семејни спорови | | | 3 | - | 33 | - | 36 | 32 | - | 4 | - | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Работни спорови | | | 9 | - | 135 | 2 | 146 | 114 | 2 | 30 | - | 21 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Платни налози | | | - | - | 333 | - | 333 | 333 | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Платни налози по приговор | | | 6 | - | 18 | - | 24 | 21 | - | 3 | - | -3 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | ***Вкупно*** | | | **38** | **3** | **674** | **12** | **727** | **649** | **15** | **63** | **-** | **25** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Извршни предмети | | | 70 | - | - | - | 70 | 34 | - | 36 | - | -34 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | П.П.Н.И. | | - | - | 48 | - | 48 | 48 | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Разни граѓански предмети „Р“ | | - | - | 9 | - | 9 | 9 | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | ЗАВ-С | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | ЗАВ-Х Апостиле | | - | - | 699 | - | 699 | 699 | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | ЗАВ НД | | - | - | 43 | - | 43 | 43 | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Замолници | | - | - | 2 | - | 2 | 2 | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Оставина | | 43 | - | 150 | - | 193 | 131 | - | 62 | - | 19 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Физичка делба | | - | - | 11 | - | 11 | 11 | - | - | - | - |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Останати ВПП предмети | | - | - | 8 | - | 8 | 6 | - | 2 | - | 2 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | ***Вкупно*** | | | 43 | - | 970 | - | 1013 | 949 | - | 64 | - | 21 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | | **151** | **3** | **1644** | **12** | **1810** | **1632** | **15** | **163** | **-** | **12** |
| Административна работа на Судот | | | | - | - | 638 | - | 638 | 638 | - | - | - | - |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | **650** | **39** | **3944** | **51** | **4684** | **4178** | **85** | **416** | **5** | **-234** |

Основен суд Виница на крајот на  2009 година  има  заостаток од 650 предмети како и  нерешени 39 предмети укинати по жалба.

Во текот на   годината  има примено вкупно  3944 предмети  како и  51 предмет укинат по жалба .

Вкупно во работа во 2010 година заедно со заостатокот од 2009 година, Основниот суд Виница имал 4684 предмети, во кои  што предмети се засметани и  укинатите предмети .

Решени се  4178 предмети и 85 укинати предмети или вкупно 4263 предмети.

Нерешени предмети на ден 31.12.2010 година  се  416  предмети а нерешени останале и 5 укинати предмети, или вкупно 421 предмет.

Во однос на  2009 година  заостатокот на предмети е намален за 234 предмети или процентуално за 36%.

Споредбата со  2009 година кога се примени во работа 3657 предмети, а во оваа година  се примени 3944 предмети, покажува на фактот дека во 2010 година  вкупниот обем на работа  на судот е зголемен за  287 предмети  или изразено во проценти за  7,85%.



## 2.1. Кривичен оддел

Во кривичниот оддел од претходната година останале нерешени 499 предмети од кои 1 истрага, 14 кривични предмети, 1 замолница, 132 прекршочни предмети, 18 извршни кривични парични казни, 163 извршни прекершочни парични казни, 13 затворски предмети и 157 мерки за безбедност. Останале нерешени и 36 укинати предмети од кои 9 кривични предмети и 27 прекршочни предмети.

Во 2010 година во кривичниот оддел се примени вкупно 1662 предмети од кои 13 истраги, 66 истражни дејствија, 76 кривични предмети , 5 замолници, 28 предмети кривичен совет, 804 прекршочни предмети, 53 извршни кривични парични казни , 455 извршни прекршочни парични казни , 27 затворски предмети и 135 мерки за безбедност. Примени се и 39 укинати предмети од кои 14 кривични предмети и 25 прекршочни предмети.




Соберено заедно заостатокот на нерешени предмети од 2009 година со примените предмети во 2010 година во кривичниот оддел имало вкупно во работа 2236 предмети од кои 14 истраги, 66 истражни дејствија, 113 кривични предмети, 6 замолници, 28 предмети кривичен совет, 988 прекршочни предмети, 71 извршни кривични парични казни , 618 извршни прекршочни парични казни , 40 затворски предмети, 292 мерки за безбедност.

Во текот на 2010 година во овој оддел се решени 1908 предмети од кои : 7 истраги, 61 истражно дејствие , 74 кривични предмети основна надлежност, 5 замолници, 28 предмети кривичен совет, 793 прекршочни предмети, 43 извршни кривични парични казни , 586 извршни прекршочни парични казни , 19 затворски предмети, 292 мерки за безбедност. Решени се и 70 укинати предмети од кои 22 кривични предмети и 48 прекршочни предмети .

Останале нерешени 253 предмети од кои 7 истраги , 5 истражни дејствија , 16 кривични предмети 1 замолница, 143 прекршочни предмети, 28 извршни кривични парични казни , 32 извршни прекршочни парични казни и 21 затворски предмети. Останале нерешени и 5 укинати предмети од кои 1 кривичен предмет и 4 прекршочи предмети.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 2174 предмети, вкупниот обем на работа во овој оддел е зголемен за 62 предмети, или за 2,9%.
Годишниот прилив е совладан и заостатокот намален кај предметите за извршување на прекршочни санкции за 270 предмети. Приливот не е совладан кај истрагите за 6 предмети, истражните дејствија 5 предмети, кривични предмети 2 предмета, прекршочни предмети 11, извршни кривични парични казни 10 и затворски предмети 8.




### 2.2. Граѓански оддел

Во граѓанскиот оддел кај спорните предмети од претходната година останале нерешени вкупно 38 предмети од кои 4 спорови од мала вредност , 16 имотни, 3 семејни спорови, 9 работни спорови и 6 платни налози по приговор, останале нерешени и 3 укинати предмети од кои 3 имотни спорови основна надлежност .

Во текот на 2010 година примени се вкупно 674 спорни граѓански предмети од кои 99 спорови од мала вредност , 56 имотни спорови, 33 семејни спорови, 135 работни спорови, 333 платни налози и 18 платни налози по приговор. Примени

се и 12 предмети укинати од кои 2 спорови од мала вредност , 8 имотни спорови и 2 работни спорови.



**Структура на граѓански предмети**

Во извештајниот период имало во работа вкупно 727 спорни граѓански предмети од кои 105 спорови од мала вредност, 83 имотни спорови, 36 семејни спорови , 146 работни спорови, 333 платни налози и 24 платни налози по приговор.

Решени се вкупно 649 предмети од кои 93 спорови од мала вредност , 56 имотни спорови, 32 семејни спорови, 114 работни спорови , 333 платни налози и 21 приговор против платен налог. Укинати решени се 15 предмети од кои 2 спорови од мала вредност, 11 имотни спорови и 2 работни спорови.

Нерешни премдети од извештајниот период од граѓанските спорни предмети се 63 од кои 10 спорови од мала вредност , 16 имотни спорови 4 семејни спорови, 30 работни спорови и 3 платни налози по приговор.

Од ова се гледа дека кај граѓанските спорни предмети не е совладан приливот и тоа за 6 спорови од мала вредност, 1 семеен спор, и 21 работен спор а намален е заостатокот кај приговор по платните налози за 3 предмета.

Кај извршните граѓански предмети од 2009 година останале 70 предмети , новопримени нема, вкупно во работа имало 70 предмети , решени се 34 предмети а останале 36 нерешени предмети или остатокот е намален за 34 предмети.

Заостатокот на оставински и вонпроцесни предмети на крајот на 2009 година бил 43 од кои сите се оставински предмети.

Во текот на 2010 година се примени 150 оставински предмети и вкупно во работа имало 193 предмети , од кои се решени 131 предмет а нерешени останале 62 предмети или за 19 предмети не е совладан приливот .

Останати вонпроцесни предмети имало новопримени 8 вкупно во работа 8 од кои се решени 6 а останале 2 нерешени и приливот не е совладан за 2 предмети.

Зав-Х- Апостиле, ново примени 699 предмети, вкупно во работа 699 и решени 699 предмети, приливот целосно е решен.
Примени се и 43 предмети Зав-нд и сите се решени. Истото се однесува и на замолниците кои биле во работа 2 и двете се решени .

Физичка делба имало новопримени 11 предмети и сите се решени .

Вкупно во граѓанскиот оддел на почетокот на годината имало заостаток од 151 предмет и нерешени укинати 3 предмети, биле примени 1644 предмети и 12 укинати предмети или вкупно во работа имало 1810 предмети. Во извештајниот период се решени 1632 предмета и 15 укинати предмети а останале нерешени 163 предмети што е повеќе за 12 предмети одколку што е бил заостатокот на почетокот на годината.



## 2.3. Времетраењето на постапката

Според времетраењето на постапката до 30 дена решени се 564 предмети; од 30 дена до 3 месеци, траела постапката по 315 предмети; од 3 до 6 месеци траела постапката за 184 предмети; од 6 месеци до 1 година се постапувало по 73 предмети; а над 1 година постапката траела по 50 предмети.




Изразено процентуално до 30 дена се решени 47,55%, од 30 дена до 3 месеци се решени 26,55%, од 3 до 6 месеци 15,51%, од 6 месеци до 1 година 6,15%, и над 1 година 4,21%.
Ако понатаму ги групираме во две групи ќе добиеме дека до 6 месеци се решени 86,62% од предметите, а над 6 месеци 10,37% од предметите.

## 3. КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ




| | Вкупно решени | Вкупно обжалени | Потврдени | Укинати | Делумно укинати | Преиначени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични | 74 | 39 | 14 | 14 | 1 | 3 |
| Граѓански | 295 | 129 | 99 | 11 | 2 | 10 |
| Прекршочни | 841 | 108 | 77 | 20 | 0 | 10 |

Вкупно решени се 73 кривични предмети од кои се обжалени 39, потврдени 14, укинати 14, делумно укинати 1 и преиначени 3. Од граѓанските предмети вкупно се решени 295, обжалени 129 од кои потврдени 99, укинати 11, делумно укинати 2 и преиначени 10. Прекршочни предмети се решени 841 од кои обжалени се 108, потврдени 77, укинати 20 и преиначени 10.




Процентот на укинати пресуди во однос на решените на ниво на суд изнесува: кај кривичните предмети 18,92%, кај граѓанските 3,73% и кај прекршочните 2,38%. Процентот на преиначени пресуди во однос на решените на ниво на суд изнесува: кај кривичните 4,05%, граѓански 3,39% и прекршочни 1,19%.

## 4. ОСТВАРУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА СУДОТ

### 4.1. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

#### 4.1.1. Истраги и истражни дејствија

Во 2010 година во Судот се примени во работа 13 истраги и заедно со заостатокот од 2009 година од 1 предмет, вкупно имало во работа 14 предмети.

Решени се 7 истраги, а останале нерешени 7предмети. Годишниот прилив не е совладан за 6 предмети. Заостатокот е како резултат на незавршувањето на вештачењата за 4 предмети, во 2 предмети странките се отсутниа 1 предмет е примен на ден 30.12.2010 година..

Постапката на решавање траела во 3 предмети до 30 дена, 1 предмет од 30 дена до 3 месеци, и 3 предмети од 3 до 6 месеци.

Просечно на ниво на судот за 10,5 месеци работа се решавани по 0,66 истраги месечно.

Примени 66 предмети за спроведување на истражни дејствија. Решени се 61 предмет, останале нерешени 5 предмети. Нерешените предмети се на вештачење.

Просечно се решавани по 5,8 предмети месечно.

### 4.1.2. Кривични предмети

Во 2010 година примени се 76 кривични предмети. Со заостатокот од 14 нерешени предмети од 2009 година и 23 нерешени укунати, вкупно во работа имало 113 кривични предмети.

Решени се 74 предмети и 22 укинати. Останале нерешени 16 предмети и 1 нерешен укинат.

Годишниот прилив не е совладан за 2 предмети .

Според времетраењето на постапката: до 30 дена се решени 38 предмети, од 30 до 3 месеци - 20 предмети, од 3 до 6 месеци - 11 предмети, од 6 месеци до 1 година 3 предмети и над 1 до 2 години 2 предмета.

Просечно месечно на ниво на судот за 10.5 месеци, решавани се по 7,04 предмети.

Според начинот на решавање, 60 предмети се решени со пресуда, а 14 предмети на друг начин.

Останале 3 стари нерешени предмети.

### 4.1.3. Прекршочни предмети

Во 2010 година примени се 804 прекршочни предмети. Со заостатокот од 132 нерешени предмети од 2009 година и 27 нерешени укунати, и 25 новопримени укинати, вкупно во работа имало 988 прекршочни предмети.

Решени се 793 предмети и 48 укинати. Останале нерешени 143 предмети и 4 нерешен укинат.

Годишниот прилив не е совладан за 11 предмети .

Според времетраењето на постапката: до 30 дена се решени 452 предмети, од 30 до 3 месеци - 156 предмети, од 3 до 6 месеци - 96 предмети, од 6 месеци до 1 година 41 предмети и над 1 до 2 години - 48 предмети.

Просечно месечно на ниво на судот за 10.5 месеци, решавани се по 75,52 предмети.

Според начинот на решавање, 525 предмети се решени со пресуда, 248 предмети на друг начин и 20 предмети се застарени.
Останале 3 стари нерешени предмети.

### 4.1.4. Извршување на санкциите

Во 2010 година примени се 53 предмети - за извршување на кривични парични казни и со заостатокот од 18 предмети од 2009 година вкупно имало во работа 71 предмет . Решени се 43 предмети, нерешени останале 28 .

Годишниот прилив не е совладан за 10 предмети.

Затворски предмети за извршување се примени 27 и со заостатокот од 2009 година од 13 предмети имало вкупно во работа 40 предмети од кои се решени 19 а нерешени останале 21.

Приливот не е совладан за 8 предмети.

Извршување на прекршочни парични казни се примени 455 предмети, од претходната година имало 163 предмети или вкупно во работа биле 618 предмети. Решени се 586 предмети, а нерешени останале 32.

Приливот е совладан и заостокот намален за 131 предмет .

Мерики за безбедност примени се 135 предмети и со заостатокот од претходната година од 157 предмети вкупно во работа имало 292 предмети. Решени се сите предмети.

Приливот е совлада, а заостаткот намален за 157 предмети.

### 4.1.5. Замолници по кривични предмети

Во 2010 година примени се 5 замолници и со заостатокот од 1 замолница од претходната година имало вкупно во работа 6 , од кои се решени 5 а една замолница останала нерешена.

Приливот е совладан.

### 4.1.6. Кривичен совет.

Постапувано е по 34 предмети на Кривичен совет кои се примени во 2010 година и сите се решени

### 4.1.7. Воредни правни лекови

Примени се 4 предмети и сите 4 предмети се решени со одбивање.

## 4.2. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

### 4.2.1. Процесни предмети - спорни

Во текот на годината примени се 99 спорови од мала вредност а од претходната година се пренесени 4 предмети, а примени се и 2 укинати . Вкупно во работа имало 105 предмети.
Решени се 93 предмети и 2 укинати. Останале нерешени 10 предмети.

Приливот не е совладан за 6 предмети .

Просечно месечно е решавано по 8,85 предмети .

Постапувано е по 83 имотни спорови од кои 16 од претходната година, 3 укинати нерешени од претходната година, 56 ново примени и 8 примени укинати предмети.

Решени се 56 предмети и 11 укинати предмети. Нерешени останале 16 предмети.

Годишниот прилив е совладан.

Просечно месечно се решавани по 5,33 предмети.

Семејни спорови имало вкупно во работа 36 предмети од кои 33 новопримени и 3 предмети заостаток од претходната година. Решени се 32 предмети , нерешени останале 4 предмети .

Приливот не е совладан за 1 предмети.

Просечно месечно е решавано по 3,04 предмети.

Работни спорови во текот на годината се примени 135 . Од претходната година имало 9 предмети а примени се и 2 укинати предмети. Вкупно во работа биле 146 предмети, од кои решени се 114 предмети и 2 укинати предмети. Нерешени останале 30 предмети .
Годишниот прилив не е совладан за 21 предмет .

Просечно месечно е решавано по 10,85 предмети.

### 4.2.2. Платни налози

Во 2010 година примени се 333 предмети - платни налози, вкупно во работа 333 предмети . Решени се сите предмети.

Годишниот прилив е совладан

Просечно месечно е решавано по 31,71 предмет.

### 4.2.3. Приговири против платни налози

Вкупно во работа имало 24 приговори против платни налози, од кои ново примени 18 и 6 заостаток од претходната година. Решени се 21 предмет , а останале нерешени 3 предмети.

Годишниот прилив е совладан и заостатокот намален за 3 предмети.

Просечно месечно е решавано по 2 предмети.

### 4.2.4. Разни граѓански предмети

Вкупно биле во работа 9 предмети кои се примени во текот на годината. Решени се сите предмети.

Годишниот прилив е совладан.

### 4.2.5. Вонпроцесни предмети

#### 4.2.5.1. Физички делби.

Во текот на 2010 година примени се 11 предмети. Вкупно во работа биле 11 предмети сите се решени.

Годишниот прилив е совладан.

Просечно месечно е решавано по 1,05 предмети

#### 4.2.5.2. Останати ВПП предмети.

Вкупно во работа имало 8 предмети од кои се решени 6 предмети. Останале нерешени 2 предмети .

Приливот не е совладан за 2 предмети .

Просечно месечно е решавано по 0,57 предмети.

Според времетраењето на постапката 4 предмети се решени до 30 дена, 12 предмети од 30 дена до 3 месеци и 1 предмет од 6 месеци до 1 година.

#### 4.2.5.3. Оставински предмети

Во текот на 2010 година примени се 150 нови предмети , од претходната година имало нерешени 43 предмети или вкупно во работа 193 предмети.

Сите предмети се предадени на работа кај нотарот, кој решил 131 предмет а останале нерешени 62 предмети.

Годишниот прилив не е совладан за 19 предмети.

Просечно месечно е решавано по 12,47 предмети.

Приговори по оставински предмети нема.

### 4.2.6. Извршни предмети

Од претходната година останале нерешени 70 предмети, не се примени нови. Вкупно имало во работа 70 предмети. Решени се 34 предмети, останале нерешени 36 предмети.
Заостатокот е намален за 34 предмети .

Просечно месечно е решавано по 3,24 предмети.

### 4.2.7. Приговори против неправилности во извршувањето на извршителот

Примени се вкупно 48 предмети. Во работа имало 48 предмети и сите предмети се решени .

Приливот е совладан.

Просечно месечно е решавано по 4,57 предмети.

## 4.3. ЗАВЕРКИ

Со печат Апостиле - ЗАВ-Х Апостиле заверени се 699 предмети , колку што биле и примени во текот на годината . Незаверени нема. Приливот е совладан.

Заверени се и 43 предмети ЗАВ-НД, колку што биле и примени во текот на годината. Приливот е совладан.

## 4.4. АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА НА СУДОТ

Во текот на 2010 година постапувано е по 638 предмети од административна работа на судот.

# 5. КАДРОВСКА СОСТОЈБА НА СУДОТ

Според систематизацијата, во Основниот суд Виница е предвидено да работат 5 судии.

До 10 јуни судот работеше со 4 судии заедно со Претседателот на судот, упразнето а не пополнето беше едно судиско место.

Од 10 Јуни до крајот на годината, судот работи со тројца судии заедно со претседателот на судот. Еден судија работи само на граѓански предмети, еден судија работи на кривични и прекршочни предмети, а претседателот на судот покрај административните работи, постапува по истражните предмети, истражните дејствија, вонпроцесните предмети и сите други предмети во надлежност на судот по кои е надлежен да постапува судија. Покрај тоа постапува и по предмети во кои се изземени другите судии.

Според Правилникот за организација и ситематизација на работните места, во Основен суд Виница систематизирани се 27 работни места а предвидени се 40 извршители за пооделните работни места.

За 8 работни места кои се систематизирани не се предвидени извршители .

Основен суд Виница во текот на 2010 година работеше со 28 работници - извршители од кои 5 Стручни судски службеници, 16 административно - технички службеници, 6 судски полицајци и 1 вработен согласно Законот за работни односи . Ваквата пополнетост на работните места одговара на обемот на работа во судот имајќи во предвид вкупниот годишен прилив на предмети. Се осеќа недостаток за еден извршител според Законот за работни односи Хаус-мајстор кој е неопходно потребен за одржување на зградата и другите помошни објекти на судот а и за обавување на други работи кои се јавуваат во текот на работата.

Во судот има 3 стручни соработници со положен правосуден испит со работен стаж подолг од 5 до 12 години како стручни соработници . Потребно е нивно придвижување на кариерата на повисок степен согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места. Има еден судски помошник кој исто така има положено правосуден испит со стаж подолг од 2 години по полагањето на правосудниот испит кој треба да напредува. Секој од стручните соработници со годишниот распоред за работа е распореден кај судија и учествува во изготвување на нацрт одлуките. Покрај тоа еден од стручните соработници учествува во прибирањето и анализа на податоци за работењето на судот и е одговорен за информации од јавен карактер и јавните набавки. Судскиот помошник е задолжен за програмата АКМИС.

## 5.1. Структура на вработените

### 5.1.1. Полова структура

Според половата структура, вработените се 13 жени а 15 мажи;

### 5.1.2. Образовна структура




Според образованието структурата е следната: 15 извршители со средно образование од кои 7 жени и 8 мажи, 2 извршители со вишо образование - 2 жени, 9 извршители со високо образование од кои 3 жени и 6 мажи и 2 извршители со основно образование од кои по 1 маж и жена.

### 5.1.3. Структура на вработените според националниот состав

Според националната припадност, стурктурата на вработените е: 25 извршители Македонци, 1 Турчин, 1 Влав и 1 Ром.

### 5.1.4. Старосна структура



Сите вработени во судот совесно, ангажирано и сериозно им пријдуваа на работните задачи и на задоволителено ниво ја вршеа работата. Во текот на годината се вршеа засилени активности за обука на вработените за правилна примена на информатичкиот систем АКМИС, која што обука даде позитивни резултати. Вработените сериозно ја сватија обврската дека е неопходно да се обучат и да работата според АКМИС програмата, поради што и се дојде до подобри резултати во примената на таа програма.. Обуките воглавно се правеа по правило еднаш или повеќе пати месечно а едукатори беа судскиот советник за информатика, одговорното лице за АКМИС и техничкиот секретар на претседателот на судот. Сепак тоа не значи дека треба да бидеме задоволни во целост бидејќи се уштре се јавуваат пропусти и грешки во примената на АКМИС-от поради што е потребна постојана едукација и поголема контрола на примената на тој систем се до целоно усовршување, што е предуслов за квалитетно работење на судот и давање на точни податоци за предметите во работа и постигнатите резултати на судиите и судот во целина.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ НА СУДОТ И ОПРЕМЕНОСТ

Основниот суд во Виница, е сместен во зграда изградена во 1948 година, во која претходно била сместена амбуланта и наменски не одговара за судски работи. Меѓутоа истата може да биде адаптирана со доградба или надградба. Просторните услови не задоволуваат. Судиите се сместени и работат во канцеларии заедно со записничарите. Нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати, правобранителство и обвинителство.Нема заедничка просторија за вработените кој би ја користеле за појадок. Нема просторија со намена за магацин за привремено одземени предмети а недостасува и една судница. Нема наменски простор за одлагање и чување на архивската граѓа, а нај загрижувачки е што нема објект за сместување на парниот котел кој моментално е привремено сместен во лимена гаража покрај самата зграда кое нешто претставува опасност за безбедноста на судот и околните објекти. Недостасува и просторија која би била наменета за Кабинет за претседателот на судот, ниту пак има просторија која би била наменета за сала за состаноци. Судската зграда не располага со посебен влез за судии и влез за странки . Канцелариите на судиите се сместени на катот а судницата е сместена на приземјето. Со евентуална доградба би се подобрила функционалноста на судот.

### 6.1. Опременост на судот

За вршење на работата судот има обезбедено информатичка опрема - компјутери, печатари и истите ги користи оптимално. Меѓутоа кај компјутерите се осеќа застарелоста и потребно е постепно менување на истите. Има бироа, ормари и столови за судската сала и по канцелариите, во најголем дел просториите се климатизирани, а недостигаат четири климатизери. Канцелариските мебел е стар и дотраен. Потребно е реновирање на зградата и дотрајаната опрема.

Зградата на Судот нема видео надзор ниту пак има електронска контрола за користење на работното време на вработените .

Судот има набавено правна литература, коментари на закони и закони кај секој судија, претплатен е на Службен весник на Република Македонија и на списанието Правник.

На сите вработени во судот им е овозможено користење на Интернет и со пребарување може да се добие бараната информација( евиденција на податоци , судска практика на веб страните на Врховен суд, Апелационите судови, Основните судови односно сите судски одлуки кои се евидентираат и објавуваат, научни трудови, мислења и ставови објавени во стручни списанија). Во судот има воспоставено локална веб страница преку која се врши информирањето на вработените, која што секојдневно според потребите се ажурира.

### 6.2. Судски оддели

Во Основен суд Виница постојат два оддели кривичен и граѓански оддел. Бидејќи судот е со основна надлежност а и поради малиот број на судии( тројца со Претседателот) и обемот на работата, посебни седници не се одржуваат на ниво на граѓански и на кривичен оддел.

### 6.3. Потребите за ефикасен суд, ангажирање на судската управа

За да биде судот ефикасен потребни се погодни услови за работа, регрутирање на доволен број судии и обезбедување соодветна обука, соодветен помошен кадар и опрема, доволно финансиски средства. Важен елемент за еден ефикасен суд е јасна целина на правата за работење и разграничување на одговорностите, во секоја фаза на правно постапување, од регистрирање, известување и ставање на распоред, што мора да извршува судската администрација без која судовите не можат ефикасно да функционираат.

Предметите ефикасно се следени на начин со кој се обезбедува полесно повикување на информации кои што ќе помогнат во определувањето и почитувањето на крајните рокови и за таа цел постојано се следи рботењето на администрацијата и се даваат упатства за нивното работење.

Со воведувањето на програмата АКМИС од 01.01.2009 година, вработените во судската управа сите предмети ги заведуваат во програмата АКМИС, се врши електронски запис на предметите, електронско добивање делови (документи ) од предметот, електронско доставување на додатни документи во определен предмет, електронско добивање инфромации за предметите. На тој начин се подобрува ефикасноста на судот преку минимизирање на употребата на хартии и скратување на времето за обработка на предметот, се овозможува поедноставно следње на предметите, интегриран информационен систем на ниво на суд и на ниво на сите институции кои комуницираат со тој суд, процесот на пребарување и архивирање на предметите е поедноставен и забрзан, можноста за губење на одделни делови од предметот или префрлување на документите од еден во друг предмет се минимизира, се обезбедува кусо време за одговор на секој заинтересиран субјект кој е

овластен да ја има таа информација. Се овозможува увид во работата на судот и судиите и следење на нивната ефикасност, што укажува на придонесот на судската управа во врска со подобрување на ажурното и квалитетното работење на судот во целина .

## 7. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Основен суд Виница во 2010 година во рамките на својата надлежност во работењето се стремеше за зголемување на ефикасноста во работењето, ажурноста и транспарентноста, судењето во разумен рок, се стремеше кон намалување на трошоците на работењето и кон целосно воведување на програмата за електронска распределба на предмети АКМИС.

Сите судии совесно и професионално се однесуваа кон работата со цел да ја остварат орентационата норма и судот да покаже поголем степен на ефикасност и ажурност. Судиите ја посетуваа обуката организирана од Академијата за обука на судии и јавни обвинители со цел за нивна надоградба и постојано усовршување.

Таквиот сериозен ангажман на судиите допринесе за постигнатите резултати на судот за извештајниот период, како по однос на совладување на тековниот прилив , така и по однос на намалување на заостатокот од претходната година. Особено од важност е да се истакне дека се подобрува квалитетот на работењето на секој судија поединечно а како резултат на тоа и квалитетот на работа на судот.

Позитивно влијание на ваквите резултати на судот има и од ангажманот на стручните соработници од кои поголемиот дел беа активно вклучени во работата со судиите согласно годишниот распоред за работа. Таквиот активен ангажман на стручниот кадар има придонес во поглед на ефикасноста и ажурноста на судот, па треба да се размислува за придвижување во кариерата на стручните соработници кои за тоа ги исполнуваат условите.

Покрај тоа треба да се нагласи и сериозниот пристап и ангажираноста на другите судски службеници во судот и нивниот придонес за постигнување на подобри резултати што е од значење за севкупното работење на судот.

Активна е веб страната на судот која што секојдневно се ажурираше со податоци што се однесуваат од работата на судот, со објавување на донесените пресуди и информации за распоредот за работа, за закажани рочишта за судење. Поркај тоа редовно се објавуваа и статистички податоци во вид на месечни извештаи за работата на судот, како и годишниот извештај.

Поради сестраното ангажирање на судиите и судските службеници, како и судската адиминистрација во целина Основен суд Виница во 2010 година покажа квантитативни и квалитативни резултати од кои може да се извлече заклучок дека судот и покрај зголемениот обем на работа со неполн состав на судии го совлада вкупниот годишен прилив на нови предмети а го намали и

заостатокот што значи дека судот може да се вбори во ажурните и ефикасни судови во работењето .

Ваквиот тренд на работа треба да продолжи и во наредниот период со цел да се постигнат уште поголем квантитет и квалитет во работењето а посебно транспарентност и отвореност на судот спрема јавноста .

**Претседател на судот**
**Благој Цикарски**